‚Навистина, најбогобојазливиот меѓу вас и оној што најмногу Го познава Аллах сум јас.’“

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Кога Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, им наредуваше нешто од делата, им наредуваше само онолку колку што можеа да поднесат. А тие велеа: ‚Ние не сме како тебе, о Божји пратенику. Аллах ти ги има простено и минатите и идните гревови.’ Тогаш тој се лутеше, така што лутината се познаваше на неговото лице, па велеше: ‚Навистина, најбогобојазливиот меѓу вас и оној што најмногу Го познава Аллах сум јас.’“

[صحيح] [رواه البخاري]

Мајката на верниците, Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, кога им наредувал на луѓето занекое дело, им го наредуваше само она што им беше лесно, а не нешто што би им било тешко – плашејќи се да не се изморат и да не можат да истраат во тоа. И тој самиот постапуваше во согласност со тоа олеснување што им го пропишуваше. Но, тие од него бараа да им наложи и построги обврски, мислејќи дека преку тоа ќе достигнат повисоки степени, како што му беше пропишано нему. Па велеа: „О, Божји пратенику, нашата состојба не е како твојата; Аллах ти ги има простено и минатите и идните гревови.“ Тогаш тој се лутеше – и тоа се забележуваше на неговото лице – па велеше: „Навистина, најбогобојазливиот меѓу вас и оној што најмногу Го познава Аллах сум јас. Затоа придржувајте се кон она што ви го наредувам.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65121